РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
В О Е Н А А К А Д Е М И Ј А

Б И Л Т Е Н
НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА
83

27. Септември 2019 година
Скопје

СОДРЖИНА

Реферат за избор на наставник во сите звања во научното подрачје: природно-математички науки, научни области: *биохемија и органска хемија*.....**1645**

Реферат за избор на соработник во научно подрачје: општествени науки, *научна област: воени науки и вештини* **1655**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 1. ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ 107. ХЕМИЈА, НАУЧНИ ОБЛАСТИ 10703. БИОХЕМИЈА И 10706. ОРГАНСКА ХЕМИЈА.

Со Одлука бр. 02-11/90 од 03.09.2019 година донесена на 94-та седница на Наставно-научниот совет на Воената академија, одржана на 03.09.2019 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во научното подрачје: 1. Природно-математички науки, научно поле 107. Хемија, научни области 10703. Биохемија и 10706. Органска хемија на Воената академија „Генерал Михаило +Апостолски“ Скопје - придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- Д-р Сузана Диневска Ќовкаровска, редовен професор, Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје;
- Д-р Кирил Лисичков, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје;
- Д-р Орце Поповски, редовен професор, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“, како и на веб сајтот на Воената академија на 01.08.2019 година и во предвидениот рок се пријави следниот кандидат:

1. Д-р Надица Тодоровска, спец. по токсиколошка хемија.

Врз основа на приложената документација, комисијата констатира дека документите на кандидатката се навреме доставени во Воената академија, и чест ни е на Наставно-научниот совет на Воената академија да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатката д-р Надица Тодоровска е родена на 23.02.1967 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Во 1990 година дипломира на Медицинскиот факултет, отсек Фармација, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Понатаму во 1998 година на истиот факултет специјализира токсиколошка хемија на со наслов на специјалистички труд *“Определување на концентрација на литиум во серум со атомска апсорпциона спектрометрија”*. Во 2002 година магистрира на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со тема на магистерскиот труд:

"Развој и модификација на методи за определување на манган, никел, кобалт и хром во крвен серум и урина со електротермичка атомска апсорпциона спектрометрија" и се стекнува со звање магистер на хемиски науки. Во 2018 година, на истиот факултет ја одбранила својата докторска дисертација на тема: "*Определување на токсични елементи во биолошки материјал и проценка на алиментарен дневен внес кај припадници на АРМ"*, каде што се стекнала со звање доктор на биолошки науки.

Кандидатката својата професионална кариера ја започнува во 1991 година како фармацевт во приватна аптека и се стекнува со лиценца за работа на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Од до 1995 година е вработена како цивилно лице во аптека и галенска лабораторија во Воената болница во Скопје, а потоа продолжува и до денес работи во Хигиенско-хемиското одделение при Одделот за превентивна здравствена заштита во Воено-медицинскиот центар во Скопје, како аналитичар и специјалист по токсиколошка хемија.

Од 2007 година е член на Фармацевтската комора, каде што се стекнува со лиценца за специјалист по токсиколошка хемија и е член на Секцијата на специјалисти по санитарна и токсиколошка хемија.

Во својата професионална кариера, добитник е на повеќе награди и признанија за својата стручност, професионални достигнувања и одговорност на работното место.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Воена академија 1999/2000 е ангажирана како предавач - надворешен соработник по предметот Токсикологија на бојни отрови.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Воената академија бр. 03-18/229 од 05.07.2012 е избрана во соработничко звање асистент по предметите Хемија на животна средина и Екологија, екохазард и заштита на животната средина и просторно планирање. Оттогаш наваму кандидатката во континуитет е ангажирана во образовната дејност на Воената академија како надворешен соработник во наведените научни области, како и во областите: Општа хемија, Одбрани поглавја од органската хемија, Токсикологија, Општа биологија, Хемија на бојни отрови и Детекција и идентификација на бојни отрови.

За време на докторските и последипломските студии, кандидатката истражува од областа на хемијата (аналитичка и токсиколошка хемија), биологијата, физиологијата, фармацијата, метрологијата, како и од областа на експериментални истражувања. Резултатите од истражувањата се со мултидисциплинарен карактер и практично се проверени и верифицирани со објавување на 26 научни и стручни трудови.

Кандидатката го познава англискиот јазик и има солидни познавања од компјутерската техника.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во наставно-научно звање

Д-р Надица Тодоровска ги исполнува законските услови за избор во наставно-научно звање – насловен доцент согласно законот за високото образование и тоа:

1. Кандидатката има остварено просечен успех од 8,80 на првиот и 10,00 на вториот циклус на студии.
2. Има научен степен доктор на биолошки науки.
3. Има објавено 5 (пет) рецензирани научни труда во референтни научни публикации согласно со Законот за високо образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор, (р.б. [1]-[5]), а вкупно 26, од кои дел се со фактор на влијание (р.б. [6]-[26])
4. Повеќе од 10 години е активно вклучена во изведување на високообразовна дејност.
5. Има сертификат за познавање на англиски и германски јазик.

I Наставно-образовна дејност

Наставно-образовниот ангажман на д-р Надица Тодоровска започнува во учебната 1999/2000 година во Воената академија во Скопје изведува теоретска настава по предметот Токсикологија на бојни отрови од прв циклус за студенти и питомци од насоката АБХО од трета студиска година. Од учебната 2009/10 година изведува практична настава по предметите Хемија на животна средина за студенти-питомци од втора година, 2012/13 и 2013/14 година, практична настава по предметите Хемија на бојни отрови, Одбрани поглавја од органската хемија, Токсикологија и Детекција и идентификација на бојни отрови за питомците од трета и четврта година од наставната група АБХО, а од учебната 2018/19 година изведува практична настава предметот Општа хемија за студенти-питомци од прва година.

Од 2010 до денес на Фармацевтскиот факултет при УКИМ Скопје учествува во реализација на настава на воведен курс во студиската програма додипломски студии Лабораториски биоинженер.

Во времето на академскиот ангажман како соработник и асистент кандидатката има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност изразена преку:

-редовно одржување на предавања и вежби по горенаведените предмети на прв циклус на студии, како и предавања на разни научни и стручни активности;

-објавени 26 научни и стручни трудови;

-учества на меѓународни конференции и собири (презентирање на трудови и усмени предавања);

II Научно-истражувачка дејност

Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Надица Тодоровска ги достави во прилог следните трудови кои се објавени во последните 5 години (вкупно 26):

Објавени трудови во последните 5 години во референтни научни списанија:

1. N. Todorovska O. Popovski,N. Trajchevski, K. Atkovska, K. Lisichkov, DETERMINATION OF ARSENIC, CADMIUM, LEAD, COPPER AND ZINC IN DRINKING WATER FROM R. MACEDONIA,*Knowledge- International Journal Vol. 28(4) : 1259-64, Skopje (2018)*ISSN 1857- 923X (for e-version)
2. V. Bezhovska, E. Mustafa, S. Jakupi, F. Aliu, N. Todorovska, K. Lisichkov, REMOVAL OF WATER POLLUTANTS BY APPLICATION OF NATURAL *ADSORBENTS, Knowledge- International Journal Vol. 28(4) : 1271-6, Skopje (2018)*ISSN 1857- 923X (for e-version)
3. N.Todorovska, M. Kostovski, DETERMINATION OF Pb AND Cd IN FOOD AND ESTIMATION OF ALIMENTARY DAILY INTAKE,*Acta morphol.;Vol.15(2):35–40* Skopje, (*2018)* UDC: 613.2:546.4/.8]:543.421(497.7)
4. N. Todorovska, S. Dinevska Kovkarovska, B. Miova, M. Kostovski DETERMINATION OF ARSENIC IN URINE AND ESTIMATION OF AVERIGE DAILY INTAKE TROUGH WATER AND FOOD,*Physioacta Vol 12 No 3, 85-92. Skopje (2018)*ISSN 1857-5587 *UDK* 616.632.19:543.421
5. Н. Тодоровска, С. Диневска-Ќовкаровска, О. Поповски, Е. Стикова, ТОКСИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ОРИЗ, ПЧЕНИЧНО БРАШНО И ПРОИЗВОДИ ОД БРАШНО ОД

Предходно објавени трудови во референтни научни списанија со оригинални научни резултати:

6. *N.Todorovska, O.PopovskiANALYSIS OF THE CHEMICAL TOXIC AND ESSENTIAL ELEMENTS IN FRUIT JUISES, Journal of Hygienic Engineering and Design, Skopje, Macedonia, 106-108 (2011)*

во меѓународни списанија:

7. N. Todorovska, I. Karadjova, T. Stafilov, ETAAS DETERMINATION OF NICKEL IN SERUM AND URINE*, Anal. Bioanal. Chem. Vol 373, No4-5, Springer-Verlag Berlin, Germany, 310-313, (2002)DOI 10.1007/s00216-002-1328-5*
8. N. Todorovska, I. Karadjova, S. Arpadjan, T. Stafilov, DETERMINATION OF COBALT IN SERUM AND URINE BY ELECTROTHERMAL ATOMIC ABSORPTION SPECTROMETRY*, Balkan Journal of Clinical Laboratory, 9, 143-144, Ohrid, (2002)* ISSN 1310-4543
9. N. Todorovska, B. Izgi, T. Stafilov, S. Guçer, D. Mihajlovic, DETERMINATION OF MANGANESE IN BLOOD SERUM AND URINE BY ELECTROTHERMAL ATOMIC ABSORPTION SPECTROMETRY*, Acta Pharm., Hrvatsko farmaceutsko drustvo, Vol.51, (3)201-209 (2001)* UDC 615 ISSN 1330-0075

во научно- стручни списанија:

10. Н. Тодоровска, ПОЛИХЛОРИРАНИ БИФЕНИЛИ, *Македонско лабораториско здружение, Лабораторија 2, 39-42, Скопје,(2000)*

11. Н. Тодоровска, Д. Михајловиќ, ПРИМЕНА НА ХЕМИСКИ МОДИФИКАТОРИ ВО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛИТИУМ ВО СЕРУМ СО ЗЕЕМЕНОВА ЕЛЕКТРОТЕРМИЧКА АТОМСКА СПЕКТРОМЕТРИЈА*, Семинар за квалитет на лабораториска работа, Македонско лабораториско здружение, Лабораторија 4, 17-19, Скопје, (2002)*

12. Н. Тодоровска, Т. Кузмановски, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛИТИУМ ВО ХУМАН СЕРУМ СО ПЛАМЕНА ААС (ТЕРАПЕВТСКИ КОНЦЕНТРАЦИИ)*Македонско лабораториско здружение, Лабораторија 7,(V) 28-32,Скопје, (2004)*

во зборник на трудови (презентирани постер/усно)

13. N. Todorovska, D. Mihajlovic, S.Bauer, LITHIUM DETERMINATION IN BLOOD SERUM BY ZEEMAN ETAAS *Jubilejna nacionalna naucna konferencija po toksikologija s mezdunarodno ucastie, Sophia, Bulgaria, Rezjumeta29,Ministerstvo za zdraveopazvanieto, (1998)*

14. N. Todorovska, D. Mihajlovic, DETERMINATION OF LITHIUM IN BLOOD SERUM BY ZEEMAN ETAAS (THERAPEUTICAL CONCENTRATIONS) *9. Simposium of*

instrumental and analitical spectromertry and hromatography, Varna, Bulgaria (1998)

15. Н. Тодоровска, Б. Каровски, ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОДИТЕ НА ОХРИДСКО ЕЗЕРО СО ТЕШКИ МЕТАЛИ НА МЕРНО МЕСТО ГРАДСКА ПЛАЖА, *1. Конгрес на еколози на РМ со интернационално учество, Книга на апстракти, Друштво на еколозите на Македонија, 131, Охрид, Македонија (1998) ISBN 9989-648-06-9*

16. Б. Каровски, Н. Тодоровска, ОРГАНСКИ И БАКТЕРИОЛОШКО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОДИТЕ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО НА МЕРНО МЕСТО ГРАДСКА ПЛАЖА, *1. Конгрес на еколози на РМ со интернационално учество, Книга на апстракти, Друштво на еколозите на Македонија, 130, Охрид, Македонија (1998) ISBN 9989-648-06-9*

17. Н. Тодоровска, И. Караџова, Т. Стафилов, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НИКЕЛ ВО УРИНА СО ЕЛЕКТРОТЕРМИЧКА ААС, *Трет Конгрес на Здружението на медицински биохемичари на Р. Македонија, Охрид, Македонија, Книга на апстракти 78, (2001)*

18. N. Todorovska, I. Karadjova, S. Arpadjan, T. Stafilov, CHROMIUM DETERMINATION IN URINE AND SERUM BY ETAAS, *3rd Aegean Analytical Chemistry Days, Polihnotos, Lezvos, Proceedings, 295-298 (2002)*

19. T. Stafilov, N. Todorovska, I. Karadjova, S. Arpadjan, ELECTROTHERMAL ATOMIC ABSORPTION SPECTROMETRIC DETERMINATION OF SOME HEAVY METALS IN HUMAN SERUM AND URINE, *2ND Black Sea Basin Conference on Analytical Chemistry, Sile-Istanbul, Yildiz technical university, Book of Abstracts, 7, Isanbul, Turkey (2003)*

20. Н. Тодоровска ПОЛИХЛОРИРАНИ БИФЕНИЛИ – СВОЈСТВА, УПОТРЕБА И ЗДРАВСТВЕН РИЗИК, *Меѓународна конференција за регулирање на проблемите со цврст отпад, Зборник на трудови, АДКОМ,179-82, Скопје,(2007)*

21. Н. Тодоровска, СОДРЖИНА НА КАТЈОНИ ВО НЕКОИ МИНЕРАЛНИ ВОДИ, *3 Конгрес по превентивна медицина на Македонија-со меѓународно учество, Македонски медицински преглед, Зборник на резимеа, Македонско лекарско друштво, Охрид, РМ, 173, (2006)* ISSN 0025-1097

22. Н. Тодоровска, АНАЛИЗА НА ЕЛЕМЕНТИ ВО БИОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛ СО АТОМСКА АПСОРПЦИОНА СПЕКТРОМЕТРИЈА, *4. Конгрес на медицинските биохемичари на Македонија, Книга на апстракти 60, Струга, Македонија, (2005)*

23. N. Todorovska, I. Karadjova, S. Arpadjan and T. StafilovCHROMIUM ETAAS DETERMINATION IN URINE AND SERUM FROM HEALTY VOLUNTEERS AND PATIENTS ON DIALYSIS *13th Meeting of Balkan Clinical Laboratory Federation, Tirana, Albania, Book of Abstracts,47, (2005)*

24. Н. Тодоровска, Т. Кузмановски, ПРОВЕРКА НА ДЕКЛАРИРАНА СОДРЖИНА НА КАТЈОНИ НА НЕКОИ МИНЕРАЛНИ ВОДИ, *4. Конференција техничара лабораторијске медицине, Тара, Србија и Црна Гора, (2005)*

25. N. Todorovska, O.Popovski, R.Smileski, DETERMINATION OF HEAVY METALS IN MILK AND DAIRY PRODUCTS,*22. Congress of chemist and technologists of Macedonia, Ohrid, EN42 (2012)*
26. G. Stoilovski, N.Todorovska, R.Smileski, O.Popovski, DETERMINATION OF HEAVY METALS IN THE SLUDGE OF KAMENICHKA RIVER, *22. Congress of chemist and technologists of Macedonia, Ohrid, EN43 (2012)*

III Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност

Во поглед на професионалното ангажирање на кандидатката, таа остварила два студиски престои во Централен воен институт, Центар за санитетски дејности, од 10-17.03. 2000 година во Кобленц, Германија и Eurotox Education Course "Principles of Risk Assessment" European Society of Toxicology, Bulgarian Society of Toxicology, од 11-16.09.1999 во Варна Бугарија.

Посетувала и повеќе курсеви, семинари и стручни предавања, меѓу кои :

-Training course "Principles and Applications of Metrology in Chemistry", TrainMic, European Commission and Institute of Public Health of the Republic of Macedonia, 19.09.2014, Skopje, Macedonia

- "The Balkans Between Past and Future, Security, Conflict Resolution and Euro Atlantic Integration", 05-08.06.2013, University St Kliment Ohridski Bitola, Faculty of Security Skopje, in Ohrid, Macedonia

-Training seminar on "Traceability and Calculation of measurement Uncertainty in Calibration and Mechanical Measurements", IARM, 04-06.2011, Skopje

- Курс "Медицинска поддршка при траума - ниво I" МО ГШ на АРМ Г4, ВМЦ, 18-23.12.2011, Скопје

- Работилница/школа "Медицински грешки - реалност, пријавување и превенирање", Фармацевтска комора на Македонија, 2008, Скопје

- Сателиски симпозиум "Најнови сознанија за несаканите ефекти од употребата на НСАИЛ, со осврт на COX-2 селективни лекови", Македонско лекарско друштво, 12.10.2007, Охрид

- NATO /PfP Seminar "NATO Military Medical Doctrine", АРМ, 23-25.05.2006, Ohrid

- "Weapons of Mass Destruction First Responder Awareness Seminar", Bureau of Diplomatic Security US department of State, 06-10.06.2005, Skopje, Macedonia

IV Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на д-р Надица Тодоровска, комисијата констатира дека кандидатката има завршено Фармацевтски факултет, постдипломски студии–магистратура и докторски студии во научното подрачјето на природно математичките науки. Од самиот преглед и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени трудови, се гледа плоден научно-стручен развој на кандидатката.

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев", каде што Воената академија е придружна членка, опусот на нејзината работа, прикажан со печатени трудови во еминентни светски списанија со фактор на влијание, како и цитираност во такви списанија, други меѓународни научни и стручни списанија, учество на повеќе национални и меѓународни конференции и обуки, кандидатката целосно ги исполнува сите услови за избор во првото наставно-научно звање. Затоа, со голема чест и задоволство предлагаме на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје, кандидатката д-р Надица Тодоровска да ја избере во звањето **насловен доцент** во научно подрачје: 1. Природно-математички науки, научно поле 107. Хемија, научни области: 10703. Биохемија и 10706. Органска хемија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. **д-р Сузана Диневска Ќовкаровска, редовен професор, с.р.**

   Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

2. **д-р Кирил Лисичков, редовен професор, с.р.**

   Технолошко-металуршки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

3. **д-р Орце Поповски, редовен професор, с.р.**

   Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

ТАБЕЛАНА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

Ред. Бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		Вкупно
		Број	Поени	Број	Поени	
1	Избор во звање асистент/соработник	2	15	/	/	30
Вкупно						30

Ред. Бр.	Научноистражувачка дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		Вкупно
		Број	Поени	Број	Поени	
2	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.б. [1]-[6]и [7]- [9])	6	1	3	2	12
3	Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), (р.б.[10]-[26])	11	1,5	6	2	28,5
4	Студиски престој во странство				8	8
5	Одбранета докторска теза	1	8			8
6	Одбранет магистерски труд	1	4			4
Вкупно						60,5

Ред. Бр.	Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		Вкупно
		Број	Поени	Број	Поени	
7	Стручни награди и признанија	4	4			16
Вкупно						16
ВКУПНО						106,5

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНИ ПОЛИЊА: 515. ОДБРАНА И 516.БЕЗБЕДНОСТ, НАУЧНА ОБЛАСТ: 51511. ВОЕНИ НАУКИ И ВЕШТИНИ

Со одлука донесена на 94 седница на Наставно- научниот совет на Воената Академија, одржана на 03.09.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во научно подрачје: 5. општествени науки, научни полиња: 515. одбрана и 516. безбедност, научна област: 51511. воени науки и вештини на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје- придружна членка при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

1. Ред.проф.д-р. Методија Дојчиновски, полковник (Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје), УГД – Штип,
2. Вон.проф.д-р. Митко Богданоски, полковник (Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје), УГД – Штип,
3. Вон.проф.д-р. Ненад Танески, потполковник (Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје), УГД – Штип,

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен Печат” и „Коха“ на 01.08.2019 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

– д-р Тони Наумовски

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Воената Академија да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Биографски податоци

Д-р. Тони Наумовски е роден на 13 јануари 1975 година во Скопје. Основното образование го завршува во ОУ „Невена Георгиева- Дуња” Скопје 1989, а средно образование во Воздухопловна Воена гимназија „Маршал Тито “ Мостар (I, II, III год.) и „ММУЦ Панче Арсовски” Скопје (IV год.) во 1993 година. Во периодот од 1995 до 1999 година студира на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски”. Последипломски студии од областа на безбедноста завршува во периодот 2007-2012 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир. Докторските студии од областа на безбедноста ги завршил во 2015 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир. На ден

09.11.2015 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот на Република Македонија и Република Словенија“, со што се стекнува со научен степен: „Доктор по општествени науки од полињата на безбедност и одбрана-безбедност“. Во Јуни 1999 година се вработува во Министерство за одбрана /Армијата каде што се уште работи. Во рамките на својата војничка кариера ги извршувал следните должности:

- Командир на вод во Центарот за обука во ВП 4420 Скопје, Август 1999-Август 2001 година;
- Командир на чета во ВП 4420 Скопје, Август 2001- Август 2009 година;
- Офицер за операции, обука и криптозаштита во С-3 во ВП 4420 Скопје, Август 2009-Мај 2012 година;
- Началник на секција С-6 во ВП 4420 Скопје, Јуни – Септември 2012година;
- Офицер за управување со радио врски и фреквентен менаџмент во ВП 2803/60 Скопје, Септември 2012 година –се уште.

Во рамките на својата работна кариера, како офицер во Армијата, има учествувано на бројни конференции, домашни и меѓународни курсеви, семинари, обуки и вежби (детално наведени подолу). Исто така, активно бил член на неколку работни групи во Министерството за одбрана. Со Одлука на Воената Академија „генерал Михаило Апостолски“ Скопје, во академска 2016/2017 година, ангажиран е како експерт од практика за изведување на настава по предметите Тактика на врски; Врски и електронско војување, Системи за управување со кризи и заштита и спасување и Спасување, евакуација и засолнување на настрадано и загрозено население, а во академската 2018/2019 година како експерт од практика за изведување на настава по предметот Тактика на врски.

II. Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во Соработник

Во однос на исполнување на законските услови предвидени за избор во **Соработник**, кандидатот д-р Тони Наумовски:

1. Во 1999 година дипломира на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски” со среден просек од 8,42. Последипломски студии од областа на безбедноста, насока „Меѓународна безбедност“ завршува во периодот 2007-2012 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир и се здобива со научен степен магистер од областа на безбедноста. Среден просек на студиите од втор циклус е 8,14.

2. Докторските студии од областа на безбедноста ги завршил во 2015 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир. На ден 09.11.2015 година успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Влијанието на политиката на НАТО за развој на одбранбените способности врз реформите во одбранбениот сектор: примерот

на Република Македонија и Република Словенија“, со што се стекнува со научен степен: „Доктор по општествени науки од полињата на безбедност и одбрана-безбедност“.

3. Активно го владее англискиот јазик што се гледа од приложената копија на сертификатот.
4. Со Одлука на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, во академска 2016/2017 година, ангажиран е како експерт од практика за изведување на настава по предметите Тактика на врски; Врски и електронско војување, Системи за управување со кризи и заштита и спасување и Спасување, евакуација и засолнување на настрадано и загрозено население, а во академската 2018/2019 година како експерт од практика за изведување на настава по предметот Тактика на врски.
5. Има објавено научни трудови (листата на трудови е дадена подолу).

III. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

1. Д-р Тони Наумовски во досегашниот период со Одлуки на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје, во академска 2016/2017 и 2018/2019 година, ангажиран е како експерт од практика за изведување на настава по предметите на прв циклус на студии:

- Тактика на врски (академска 2016/2017 година и 2018/2019 година);
- Врски и електронско војување (академска 2016/2017 година);
- Системи за управување со кризи и заштита и спасување (академска 2016/2017 година) ;
- Спасување, евакуација и засолнување на настрадано и загрозено население (академска 2016/2017 година).

Во рамките на наставно - образовната дејност, д-р Тони Наумовски во академска 2016/2017 година и 2018/2019 година ангажиран е како експерт од практика за изведување на настава по гореспоменатите предмети, за што и има доставено Договори за вршење на високо образовна дејност на ВА.

2. Д-р Тони Наумовски ги има објавено следниве трудови:
Кенков, В. и Наумовски, Т. (2013) **‘Безбедноста на информациите и информациските системи како предизвик’**, во Годишен зборник, книга 66, Скопје: Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, стр. 231-239;
Трудот ја истакнува безбедноста на информациите и информациските системи. Имено, благодарение на масовната компјутеризација и примената на новите информациски технологии, информациите и информациските системи станаа подостапни, но и ранливи и подложни на напади и закани. Оттука, се истакнува дека државите самостојно или во рамките на колективните системи за безбедност настојуваат да развијат систем за безбедност на информациите со потребно ниво на доверливост, интегритет и достапност на истите.

Naumovski, T. (2014) **'The Republic of Slovenia defence budget allocation in the period from 2001 to 2013'** in Security Dialogue, Vol. 5 , Number 1, 2014, pp. 115-132;
Трудот се фокусира на прашањето дали и како финансирањето на одбраната на држава членка на НАТО и намалувањето на одбранбениот буџет влијае врз градењето на одбранбените способности, при што се анализира висината на одбранбениот буџет на Република Словенија во периодот од 2001 до 2013 година. Исто така, во трудот е направена споредба со одбранбените буџети на Република Македонија, која е сеуште земја аспирант за членство во НАТО и Република Словачка која, како и Република Словенија, е земја членка на НАТО од 2004 година.

Naumovski, T. and Kenkov, V. (2014) **'Concept and priorities of Cyber Defence'** in Contemporary Macedonian Defence, Vol. 14, Number 27, 2014, pp.77-85.).

Овој труд разработува аспекти поврзани со сајбер просторот, како нов домеин на безбедноста, како и способноста да се заштити сајбер просторот од сајбер напади. Исто така, ја објаснува и целта на сајбер одбраната и разурнувачкиот ефект и последици од сајбер нападите. Во трудот се елаборира и НАТО пристапот во насока да се достигне ефективна сајбер одбрана и безбеден комуникациско информациски систем за Алијансата и нејзините партнери.

IV. Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Во делокругот на стручно-апликативната дејност и организационо-развојната дејност кандидатот Тони Наумовски има учествувано на повеќе меѓународни стручни (тематски) конференции. Во поглед на работното место на кое е поставен, учествувал во работата на повеќе работни групи во рамките на Министерството за одбрана, учествувал на бројни курсеви, семинари, обуки и вежби во земјата и странство, има добиено 5 пофалници за својата работа.

Учество на конференции, стручни обуки, семинар, курсеви и вежби во земјава и во странство:

- Планирачка конференција за вежбата за Комуникациски и информациски системи- **Здружени напори 2001,** март, 2001 година, Берн, Швајцарија;
- Вежба за Комуникациски и информациски системи- **Здружени напори 2001,** Мај, 2001година., Баумхолдер, Германија;
- Курс за англиски јазик , Август – декември, 2002 година, Борден, Канада;
- Семинар **Наставен Центар за Врски,** март, 2003 година, Скопје, Центар за обука Д-р „Џозев Крузел";
- Курс за **Решавање конфликти и вештини за преговарање,** јули, 2004 година, Скопје, Центар за обука Д-р „Џозев Крузел";
- Курс за **Воено набљудување при операции за воспоставување на мирот,** октомври - Ноември, 2004 година, Анкара, Турција;

- Курс за **Фреквентен менаџмент,** Јуни, 2006 година.,Латина, Италија;
- Курс за **Комуникациски и информациски системи,** март, 2007 година, Скопје, Центар за обука Д-р „Џозев Крузел“;
- Курс за **Радио процедури,** февруари, 2008 година, Загреб , Хрватска;
- Вежба за Комуникациски и информациски системи- **Здружени напори 2008,** мај, 2008 година, Баумхолдер, Германија;
- Курс за **штабни офицери,** септември – Декември, 2008 година Алдершот, Канада;
- Посета на центар за Комуникациски и информациски системи, септември, 2010 година, Графенвур, Германија;
- Вежба за Комуникациски и информациски системи- **Здружени напори 2012,** септември, 2012 година, Графенвур, Германија;
- Ориентационен курс за **Комуникациски и информациски системи,** Јуни, 2013 година, Латина, Италија;
- Ориентационен курс **ARCADE Spectrum Management System Tools for PfP,** октомври, 2013 година.,Латина, Италија;
- **Мобилен меѓународен курс за одбранбен менаџмент,** април, 2014 година, Охрид, Хотел Милениум Палас;
- **Семинар за сајбер одбрана,** септември, 2014 година, Скопје, Дом на Армијата;
- Работилница на тема „**Life Cycle Costs“,**февруари, 2015 година, Скопје, Дом на Армијата;
- Работилница на тема „**Cost Analysis“,** март, 2015 година, Скопје, Дом на Армијата;
- Работилница на тема „**LOGEX17“,** септември, 2015 година, Скопје, Дом на Армијата;
- Обука за реализација на проектот **„Имплементација на Видео телеконференција во АРМ“,** октомври, 2015 година, Минхен, Германија;
- Работилница-Меѓународен работен состанок **„Systems in Transition“,** мај, 2016 година, Будимпешта, Унгарија;
- **NATO Mobile Training on Communication and Information Systems, октомври**, 2016 година, Белград, Србија;
- Работилница на тема **„Процес на спроведување и следење на препораки од конечните извештаи за извршени ревизии “,** март, 2017 година, Скопје, Центар за обука Д-р „Џозев Крузел“;
- Работилница-Меѓународен работен состанок **„Systems in Transition“,** мај, 2017 година, Скопје, Хотел Ибис;
- Работилница-**„Обука за КИС со НАТО мобилен тренинг тим“**, воедно и одговорен за реализација на обуката, согласно решение на МО бр. 02-1/34 од 28.02.2018 година, март, 2018 година, Скопје, Дом на Армијата;
- Работилница - **„АТМ Cyber Security Workshop“, март**, 2018 година, Скопје, Фондација Никола Кљусев;
- Курс за високи воени лидери „**Senior Course on Security and Defence Studies“**, Септември - Декември, 2018 година, Тирана, Албанија;

- Работилница-**„Обука за КИС со НАТО мобилен тренинг тим“,** воедно и одговорен за реализација на обуката, согласно решение на МО бр. 02-2/56 од 22.03.2019 година, Март, 2019 година, Скопје, Дом на Армијата;
- Работилница-Меѓународен работен состанок **„Systems in Transition“** Maj, 2019, Шеѓин, Албанија.

Учество во работата на работни групи и тела формирани од Министерството за одбрана :

- Член на работна група за стандардизација од областа на Комуникации, криптозаштита и информатика - Решение на министерот за одбрана бр. 02-1229/10 од 21.02.2014 година.
- Член на Интегриран проектен тим за реализација на проектот: „Аквизиција на тродимензионален радар“ како дел од мултинационалната иницијатива на НАТО за Балкански регионален пристап за против воздушна одбрана (Balkan Regional Approach to Air Defence-BRAAD) - Решение на министерот за одбрана бр. 02-5789/8 од 20.11.2014 година и бр. 02-6099/1 од 05.12.2014 година.
- Член на Интегриран проектен тим за реализација на проектот: „Надградба и имплементација на сајбер одбрана и информациска безбедност за потребите на Армијата согласно барањата на Партнерска цел (ПЦ) G 7301“-Решение на министерот за одбрана бр. 02-5789/6 од 20.11.2014 година и бр. 04-204/4 од 09.01.2015 година.
- Член на проектите за опремување и модернизација на Армијата, преку воената контакт програмата за соработка со САД (ФМФ програмата на САД). Со наредба на НГШ на Армијата бев одреден за проект менаџер на проектот „Имплементација на Видео телеконференција во Армијата“. Проектот е имплементиран во Јуни 2016 година.
- Член на стручни комисии во Министерството за одбрана за постапки за набавки од Законот за јавни набавки.
- Член на Работна група за изработка на Стратегија за одбрана и изработка на Стратегиски одбранбен преглед (2016-2017).
- Раководител на работна група за изработка на План за опремување на Армијата со ТЕТРА радио системи и поврзување на системот со Министерството за внатрешни работи- Решение на министерот за одбрана бр. 02-6187/1 од 17.10.2018 година.

Стручни награди и признанија:

- Пофалница од НГШ на Армијата-2003 година;
- Пофалница од командантот на полк за врски-2004 година;
- Пофалница од НГШ на Армијата – 2010 година;
- Пофалница од министерот за одбрана-2012 година;
- Пофалница од министерот за одбрана-2016 година.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија внимателно ги разгледа пристигнатите и приложените документи на кандидатот и го донесе следниот заклучок и предлог. Врз основа на приложената документација од страна на кандидатот на распишаниот Конкурс, комисија заклучи дека: кандидатот д-р Тони Наумовски ги исполнува законските услови во однос на распишаниот Конкурс, односно го има потребниот просек од прв и од втор циклус студии и има познавање на странски јазик. Кандидатот особено внимание посветува на високо-образовната дејност, што се гледа преку неговиот ангажман во научно-истражувачката и организационо-развојната дејност на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје, но и во рамките на Министерството за одбрана.

Врз основа на севкупната негова активност и значајните достигнувања во областа, Комисијата заклучи дека д-р Тони Наумовски ги исполнува условите за избор во **Соработник**, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Според горе изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Воената Академија „генерал Михаило Апостолски“, Скопје- придружна членка при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да го усвои рефератот, односно д-р Тони Наумовски да биде избран во **Соработник** во научно подрачје: 5. општествени науки, научни полиња: 515. одбрана и 516. безбедност, научна област: 51511. воени науки и вештини, на Воената Академија „генерал Михаило Апостолски“, Скопје- придружна членка при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Ред.проф. д-р. Методија Дојчиновски, полковник, с.р. Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, УГД – Штип

2. Вон.проф. д-р. Митко Богданоски, полковник, с.р. Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, УГД – Штип

3. Вон.проф. д-р. Ненад Танески, потполковник, с.р. Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, УГД – Штип

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1.	Настава, вежби	5 x(3x0,2)=3				3
ВКУПНО						3
Р. бр	Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности	Поени				
		Во земјата		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
1.	Одбранета магистерска теза	4				4
2.	Одбранета докторска теза	8				8
3.	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание	3	3x9			27
ВКУПНО						39
Р. бр	Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		
		број	поени	број	поени	Вкупно
2.	Член на работни тела	6	2			12
	ВКУПНО					12
ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ						54